Врз основа на член 89 став1 алинеја 1 од Законот за средно образование (Сл.весник на Р. Македонија бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03,67/04,55/05,113/05,35/06,30/07,49/07,81/08,92/о8,33/10,116/10,156/10,18/11, 51/11,6/12,100/12, 24/13, 41/14,116/14,135/14, 10/15, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 И 67/2017), и член 126 став 1 алинеја 1 од Законот за основно образование (Сл.весник Република Македонија бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 41/14, 116/14, 24/13, 135/14, 10/15, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 161/2019), и член 84 став 1 алинеја 1од Статутот на Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов " Скопје, Училишниот одбор на седницата одржана на ден ____.___.2022 година , донесе

# С Т А Т У Т

на Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" Скопје

ДУРДМОВ

## I . ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут во Државното Училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" Скопје, се уредува: дејноста, називот и седиштето, застапувањето, управувањето и раководењето, организационата поставеност, воспитно-образовната работа, статусот на учениците и наставниците и другите работници, одбраната и други прашања од работењето на училиштето за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов " Скопје (во понатамошниот текст: училиште).

Член 2

Дејноста на училиштето е воспитно-образовна дејност во основното, основно музичко и средното стручно образование со што се овозможува едукација и професионална рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид.

Во дејноста на средното стручно образование се остваруваат планови и програми од Графичка струка, Здравствената струка, ПТТ сообраќајна струка сопрофили на картонажер-книговезец, физиотерапевт-масер,физиотерапевтски техничар четврти степен и манипулант на телефонска централа, работно оспособување за ученици со комбинирани пречки со двегодишно образование.

Покрај основната дејност од став 1 на овој член како дејност на Училиштето е и работата на Ученичкиот дом, во кој се обезбедува сместување, исхрана, нега и здравствена заштита.

Покрај основната дејност од став 1 на овој член како дополнителна дејност на училиштето е и да обавува и споредна дејност во функција на остварување на целите и задачите на основната дејност и тоа:

А) Отварање на училишна реална компанија -салон за масажа 86.90(други дејности за здравствена заштита).

Б) Отварање на училишна реална компанија - 21.25/0 производство на други предмети од хартија и картон, неспомнати на друго место.

1) 17.29-производство на други предмети од хартија и картон.

2) 18.12-друго печатење.

В) Друг вид сместување, неспомнато на друго место-55.90 друг вид сместување.

Член 3

Називот на училиштето е: Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов " Скопје.

Седиштето на училиштето е во Скопје, Ул. „ Народни Херои" бр. 8 .

ДУРДМОВ

Член 4

Училиштето е основано со Решение на Извршниот совет на Република Македонија бр.09-1687/1 од 21.07.1962 година, а објавено во Службен весник број 26/1962 година.

Член 5

Училиштето има статус на правно лице кое се стекнува со упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 6

За своите обврски училиштето во правниот промет со трети лица одговара со сите средства со кои располага - целосна одговорност.

Член 7

Печатот на училиштето го содржи името на Републиката, називот и седиштето на училиштето и е во облик на круг со пречник од 32 мм, а во средината на печатот е грбот на Р. Северна Македонија.

Штембилот е во правоаголна форма со ист текст како и печатот со место за дата и бројот на предметот .

Член 8

Со печатот и штембилот располага и го употребува лице овластено од директорот.

Член 9

Промена на името и статусни промени на училиштето се вршат во согласност со закон.

Член 10

Воспитно-образовната дејност во училиштето се изведува на македонски јазик со кирилско и браево писмо.

Член 11

Одделни прашања што се уредени со овој Статут може поблиску да се уредат со правилници, одлуки и други акти.

ДУРДМОВ

II.ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Член 12

Училиштето го застапува и претставува директорот на училиштето.
Во случај на отсуство или спреченост на директорот , училиштето го застапува односно претставува лице овластено од директорот.

Член 13

Директорот како застапник е овластен во име на училиштето да склучува договори и врши други правни дејствија,да го застапува училиштето пред судови , државни органи и други органи, организации и институции.

Член 14

Директорот во рамките на своите овластувања и надлежности може да овласти друго лице за превземање одредени правни дејствија.

Член 15

Директорот на училиштето со решение назначува лица со посебни овластувања и одговорности.

Член 16

Овластувањата на директорот утврдени со овој Статут се запишуваат во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

III.ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТАРАБОТА И СМЕСТУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО И ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

1.ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 17

Воспитно-образовната дејност на основното образование опфаќа настава преку која се врши воспитание и образование на деца и ученици со оштетен вид, а која се организира и изведува според наставни планови, програми и други активности согласно законот.

Член 18

Во рамките на основното образование може да се организира основно образование за возрасни согласно посебните планови и програми донесени од Министерството за образование и наука.

Член 19

Бројот на учениците во паралелките за основно образование е од 1 до 8 ученици.

Во комбинирана паралелка бројот на учениците е од 1 до 6 ученици.

Наставата во паралелките за основно музичко образование е индивидуална.

2.СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 20

Воспитно образовната работа во средното стручно образование опфаќа:

-настава (теоретска и практична ) ;

-додатна, дополнителна и подготвителна настава ;

-слободни активности на учениците ;

-здравствено и физичко воспитување и општествено културна дејност.

Член 21

Наставата во средното стручно образование е теоретска и практична.

Наставните предмети по години и неделниот број на часови за изведување на настава по предмети училиштето ги реализира согласно наставниот план .

Воспитно-образовните содржини на наставните предмети и другите облици на образовно-воспитна дејност се реализираат со постојните наставни програми .

ДУРДМОВ

Член 22

Воспитно-образовната дејност во средното стручно училиште се организира и изведува во паралелки.

Бројот на учениците во паралелките е од 1 до 8 ученици.

## 3.УЧЕНИЧКИ ДОМ

Член 23

Училиштето обезбедува сместување во ученичкиот дом кој е составен дел на училиштето и тоа за учениците од основното и средното стручно образование со што се обезбедува престој, исхрана, воспитание и здравствена заштита.

Член 24

Начинот и условите за сместување во Ученичкиот дом, како и за куќниот ред се утврдува со посебен Правилник што го донесува Училишниот одбор во согласност со законот.

ДУРДМОВ

## 4.ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

Член 25

Работата на Училиштето во текот на учебната година се уредува со Годишна програма.

Годишната програма за работа на Училиштето ја донесува Училишниот одбор и ја доставува до основачот најдоцна до 31 август во тековната учебна година.

Член 26

Образовно-воспитната работа во Училиштето се остварува во учебни години.

Учебната година по правило почнува на 1 септември а завршува на 31 август наредната година и се организира во согласност со Календарот за организација на работа во основните и средните училишта донесен од Министерот за образование и наука.

Член 27

Образовно-воспитната работа во Училиштето не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен за вонредни состојби (природни непогоди, епидемии и друго) за што решава Министерството.

Член 28

Во Училиштето се организира:

- додатна настава за ученици кои покажуваат исклучителен успех во совладување на програмските содржини и покажуваат интрес за продла-
бочување на знаењето во одредено подрачје односно предмет .

-дополнителна настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако:имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати по одреден наставен предмет,отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател.

- подготвителна настава за ученици кои се упатени на поправен испит и испит на годината .

Слободните ученички активности се организираат :

-за развивање на самостојност во работата и креативните способности и задоволување на интересите и желбите на учениците од областа на науката, техниката, културата и физичката култура .

Во рамките на овие активности Училиштето посебно се грижи и го поттикнува организирањето на натпревари, работа на културно-уметнички групи и секции, организирање на приредби и претстави, излети, спортски натпревари, предавања, курсеви, семинари, летувања, екскурзии и др.

Член 29

Во Училиштето настава не се изведува за време на ученичките одмори и Денот на Училиштето - "8 ноември".

На 24 Мај" Денот на Св. Кирил и Методиј" во Училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации и на тој ден не се изведува настава.

Настава во училиштето не се изведува на државните празници и другите празници утврдени со закон.

ДУРЛМОВ

Член 30

Член 30 се менува и гласи:

Наставниот час во основното училиште трае 40 минути

Наставниот час во Средното училиште трае 45 минути, а часот по практична настава во сопствена работилница и вежби во претпријатија и установи, по правило, трае 60 минути.

Член 31

Наставата во Училиштето се одвива во прва смена од 7,30 до 13 часот, а воспитната работа попладне од 13 до 22 часот.

Во саботите, неделите и државните празници кога учениците се во училиштето се организираат дежурства во две смени од редот на наставно-воспитниот персонал и тоа во прва смена од 7 до 14 часот и во втора смена од 14 до 22 часот.

Член 32

Во наставата се применуваат учебници одобрени од Министерот за образование и наука.

Член 33

Работата во Училиштето се одвива по куќен ред кој го утврува училишниот одбор на училиштето.

Куќниот ред содржи одредби за :

-работното време за изведување на наставата;

-работното време на другите служби во училиштето;

-редот за влегувањето во училишната зграда на работниците, учениците и надворешните лица:

-престојувањето на учениците и надворешните лица во зградата,

-одржувањето на редот;

-изнесувањето и внесувањето на материјали од и во училиштето и слично;

IV. УЧЕНИЦИ

Член 34

Во училиштето се запишуваат редовни ученици во основното и средното образование и вонредни ученици во средното стручно образование.

ДУРДМОВ

Член 35

Статус на редовен ученик се стекнува со запишување во училиштето.

Член 36

Во основното и средното стручно образование може да се запише дете и младинец со оштетен вид што го утврдува и упатува Комисија согласно со закон.

Член 37

Во училиштето се врши упис на ученици во прво одделение од деветолетка на задолжително основно образование за сите деца кои до крајот на календарската година ќе наполнат 6 години.

Училиштето ги превзема сите неопходни активности за навремено организирање и спроведување на уписот на учениците.

Член 38

На ученикот кој навршува 16 години живот му престанува обврската за редовно основно образование во училиштето со истекот на учебната година во согласност со Законот.

По исклучок од став 1 на овој член, по барање на ученикот или родителот, односно старателот, а по мислење на психологот-дефектологот на учениците кои наполниле 16 години можат да го продолжат основното образование во Училиштето до навршување на 17 години.

На ученикот со посебни образовни потреби кој наполнил 20 години му престанува обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година.

Член 39

Учениците со попреченост и лицата за нивна придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста и пристапноста на нивното место на живеење до основното/средното училиште.

Член 40

1.Постигањата на учениците во основното училиште се оценува описно и бројчано.
2.Во првиот период,постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно.
3.Ученикот од ставот два на овој член само на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.
4.Во вториот период,постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно и бројчано.
5.Ученикот од став 4 на овој член на крајот на прво пологодие добива известување за успехот со бројчани оценки,а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

6.Во третиот период,постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува бројчано.
7.Ученикот од став 6 на овој член на крајот на прво пологодие добива известување за успехот со бројчани оценки,а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.
8.Во првиот период,значењето на ученикот кој настават ја следи во посебните основни училишта се оценува описно.
9.Во вториот и третиот период,знаењето на ученикот кој наставата ја следи во посебните основни училишта може да се оценува описно и бројчано во зависност од видот на попреченоста на ученикот.

Член 41

Запишувањето на ученици во средното стручно образование се врши по пат на конкурс , кој го објавува Министерството во средствата за јавно информирање.

Во прва година во училиштето како редовен ученик може да се запише лице кое не е постаро од 25 години.

Поблиски услови и критериуми за запишување на ученици се утврдуваат со конкурсот.

Член 42

Запишувањето на учениците во I, II, III и IV година на средното стручно образование се врши со Одлука на наставничкиот совет на училиштето.

ДУРДМОВ

Член 43

Одлука за запишување на учениците во средното стручно образование донесува Наставничкиот совет на училиштето;

Против одлуката учениците и нивните родители односно старатели во рок од 24 часа од соопштувањето на одлуката можат да поднесат приговор до Училишниот одбор.

Училишниот одбор решава по приговорот во рок од 3 дена од приемот на приговорот.

Решението по приговорот е конечно.

Член 44

Статусот на редовен ученик во средното стручно образование престанува ако ученикот :

-го завршил средното стручно образование;

-не се запише во роковите што се определни со конкурсот;

- се испише;

-неоправдано не ја посетува наставата континуирано 25 наставни дена во текот на наставната година;

- е на издржување казна затвор во траење подолга од 6 месеци и;

- двапати повторува во текот на образованието.

Член 45

Учениците се оценуваат по наставните предмети што ги изучуваат со оценките: одличен (5), многу добар (4), добар (3) , доволен(2) и недоволен (1).

Член 46

Општиот успех на учениците се утврдува врз основа на годишните оценки од сите задолжителни предмети на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.

Член 47

Поведението на учениците се оценува со: примерно, добро, незадоволително .

Член 48

Со примерно поведение се оценува ученик кој ги исполнува условите:

-редовно ја посетува наставата;

-го почитува куќниот ред;

-нема повеќе од 10 неоправдани изостаноци.

Со добро поведение се оценува ученик кој нередовно ја посетува наставата и исполнува еден од условите:

-има направено од 11 до 20 неоправдани изостаноци;

-има направено други повреди на должностите за писмена опомена од советот на паралелката или директорот.

Со незадоволително поведение се оценува ученик кој нередовно ја посетува наставата и исполнува еден од условите:

-има направено над 20 неоправдани изостаноци;

-има направено потешка повреда на должноста и му е изречена педагошка мерка од Наставничкиот совет на училиштето.

Член 49

Ученикот кој од оправдани причини континуирано не ја следел наставата 200 часа од предвидениот број на часови и нема елементи за изведување на годишна оценка, полага испит на годината.

Оправданоста на причините ја оценува Наставничкиот совет на училиштето.

ДУРДМОВ

Ученикот кој во текот на наставната година направил вкупно најмалку една третина оправдани и неоправдани изостаноци од фондот наставни часови од одредени предмети утврдени со наставниот план, полага испит на годината по тие предмети.

Член 50

Телесното казнување и психичкото малтретирање на ученикот е забрането.

Член 51

Учениците во училиштето што се истакнуваат со својата работа и поведение можат да бидат наградувани односно пофалувани.

Член 52

Наградите што ги доделува наставничкиот совет и училишниот одбор можат да бидат во книги, дипломи,билети за филмска,театарска претстава и други културно-уметнички и спортски приредби, бесплатен одмор во летувалиштата,бесплатно организирана екскурзија и друго.

Член 53

За изградување правилен однос на учениците кон учењето и поведението се применуваат педагоши мерки.

Спрема учениците кои не ги извршуваат своите должности; редовно не ја посетуваат наставата, не учат и со почит не се однесуваат спрема наставниците и вработените во училиштето како и спрема другите ученици, не се грижат за инвентарот, опремата и другите средства за работа и технички помагала во училиштето, не се придржуваат кон правилата во училиштето, организацијата на работа на училиштето и ги повредуваат правилата за воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки и тоа: писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од училиштето.

Писмената опомена на ученикот ја изрекува раководителот на паралелката, наставничкиот совет или директорот.

Опомената пред отстранување и отстранувањето ја изрекува Наставничкиот совет на училиштето.

Член 54

Педагошката мерка писмена опомена на ученикот ја изрекува раководителот на паралелката, наставничкиот совет на паралелката или директорот заради повреда на должностите и неисполнување на обврските и тоа за:

-почесто задоцнување на наставата;

-неоправдано изостанување од училишните часови и другите облици на организирани облици на работа;

ДУРДМОВ

-нарушување и попречување на наставата или другите облици на образовна работа;
-однесување кое е штетно за угледот на училиштето;
-непримерно однесување со другите ученици во паралелката и училиштето;
-непримерен однос кон наставниците и кон другите вработени лица во училиштето;
-неодговорен однос кон училишниот имот нарушување на училишниот ред;
-колективно изостанување од училишните часови и други организирани облици на работа;
-направени до 10 неоправдани изостаноци;

Член 55

Педагошката мерка опомена пред отстранување на ученикот од училиштето ја изрекува наставничкиот совет заради повреда на должностите и неисполнување на одговорностите, и тоа за:
-крадење или лажење во училиштето;
-направиле над 20 неправдани изостаноци од часови;
-доаѓање на училиште под дејство на алкохол или дрога или алкохолизираност на ученикот во училиштето.
-уништување на училишниот имот и имотот на соучениците или вработените во училиштето;
-преправање на резултатите од писмените работи, фалсификување потпис на родителот;
-нелегално искористување (пробивање) на тестовите писмени задачи и др.
-непочитување на соодветните правила за заштита при изведување на практична настава, професионална практика и противпожарна заштита во училиштето;
-внесување предмети и средства со кои се загрозува сигурноста на луѓето и имотот на училиштето;
-зачестени повторувања на повредите од алинеја 1 до алинеја 8 на овој член.

Член 56

Педагошката мерка отстранување на ученикот од  училиштето ја изрекува наставничкиот совет заради повреда на должностите и неисполнување на обврските, и тоа за:
-тенденциозни потешки повреди на училишниот ред и нивно натамошно зголемување;
-психичко,физичко и полово насилство;
-неоправдано изостанување од наставата над 25 часа во учебната година;
-намерно прекршување на правилата за заштита при изведување на практичната настава, професионалната практика и заштита од пожари;
-продажба на дрога или наведување на други лица кон уживање на дрога поради што се загрозува животот на другите ученици;

ДУРДМОВ

-фалсификување или уништување на педагошката евиденција и документација, дневникот за работа на паралелката, свидетелство, диплома, ученичка книшка, евидентни листови за успехот или други службени документи;

-закана со средства со кои лесно се загрозува сигурноста на луѓето и имотот

-зачестени повторувања на повредите од алинеја 1 до алинеја 8 на овој член.

Ученикот од став 1 на овој член може да се запише под еднакви услови во роковите кои важат за другите ученици во наредната учебна година во истото или во друго училиште.

Член 57

Предлог за поведување постапка за изрекување на педагошка мерка може да поднесе раководителот на паралелката, наставник или друго лице кое работи во училиштето, родител или ученик.

Постапката за изрекување педагошки мерки ја води раководителот на парелката. Раководителот на паралеката, во рамките на своите надлежности, води писмена документација за превземените педагошки мерки за спречување на повредите на должностите и неипсолнување на обврските на ученикот. Во документацијата се содржат податоци за одржаните разговори со ученикот,родителот-старателот, стручниот соработник, писмени известувања на родителот, надлежните институции и сл.

Член 58

Педагошката мерка отстранување на ученикот се применува во учебната година во која е изречена.

Родителот односно старателот на ученикот треба да учествува при водењето на постапката за изрекување на педагошката мерка со раководителот на паралеката, стручниот соработник, предметниот наставник или директорот на училиштето.

Во случај на отсуство на родителот или негово недоѓање на закажаните средби, раководителот на паралеката уредно доставува препорачано известување (покана за разговор, закажан термин, цел на разговорот и сл.).

Доколку родителот и на втората уредно доставена покана не се јави во училиштето, тогаш раководителот на паралелката, односно наставничкиот совет на училиштето ја изрекува педагошката мерка.

Изречената педагошка мерка се образложува со цел таа да биде разбирлива и во писмена форма со правна поука се доставува до ученикот и родителот, односно старателот.

Член 59

Во текот на учебната година кога ќе се утврди дека педагошката мерка ја постигнала својата цел, органот кој ја изрекол мерката може да отпочне постапка за нејзино укинување.Постапката се отпочнува со усвојување заклучок на наставничкиот совет, односно органот кој ја изрекол мерката.

Педагошките мерки кои се укинати се сметаат за неизречени.

ДУРДМОВ

За укинување на мерката се известува родителот и ученикот.

Член 60

Доколку се утврди грешка или пропуст при изрекувањето на педагошката мерка, училиштето мерката ќе ја промени или укине. За тоа се известува ученикот и родителот односно старателот

Член 61

Против педагошката мерка опомена пред отстранување  и отстранување од училиштето ученикот може да поднесе приговор до Училишниот одбор во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Училишниот одбор може педагошката мерка да ја потврди, измени или укине. Одлуката по приговорот е конечна.

Член 62

Секој изостанок од настава или друга ученичка обврска ученикот е должен да го оправда.

Оправдувањето може да го даде родител, старател или лекар.

За секое изостанување на ученикот родителот е должен да го извести раководителот на паралелката истиот ден, а по завршувањето на изостанувањето во рок од 3 дена да достават до раководителот на паралеката писмен документ за изостанувањето.

ДУРДМОВ

Член 63

Директорот на училиштето по писмено барање на родителите од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

Член 64

Оправдани прични односно случаи поради кои ученикот отсуствува од настава или друга училишна обврска се:

-болест на ученикот;

-смртен случај во семејството;

-невреме, елементарни непогоди и слично;

-посебно значајни лични или семејни причини;

-други причини за кои раководителот на паралеката ќе ја утврди оправданоста.

Член 64а

Во случаите на насилство над ученици/чки се постапува согласно Упатството за постапката за пријавување  и заштита на ученик жртва на било која од формите насилство, злоупотреба и занамарување.

## V НАСТАВНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Член 65

Воспитно-образовната работа во училиштето ја остваруваат наставници, воспитувачи и стручни соработници .

Наставниците во средното стручно образование можат да бидат лица со завршено високо образование а кои се здобиле со соодветна дефектолошко образование и имаат положено стручен испит.

Видот и степенот  на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна дејност се утврдуваат со нормативе за наставен кадар во средното образование, што го донесува министерот.

За изведување на практична настава наставници можат да бидат и лица кои завршиле специјалистичко средно или више образование, се здобиле со педагошка и методска подготовка на соодветни факултети и имаат положено стручен испит.

Стручни соработници можат да бидат лица со завршено соодветно високо образование.

Воспитувачи во ученичкиот дом за учениците од средното стручно образование можат да бидат лица кои ги исполнуваат условите за наставник,педагог или психолог во средното образование.

Наставник во одделенска настава може да биде лице со завршени студии по дефектологија.

Наставник по предметна настава во основното образование може да биде лице кое завршило  еднопредметна или двопредметна група на образование на наставници на факултет, висока школа, факултет за ликовна уметност и факултет за музичка уметност.

Воспитувач во ученичкиот дом за учениците од основното образование може да биде лице кое ги исполнува условите за наставник во одделенска настава,наставник по предметна  педагог или психолог.

Наставниците треба да се државјани на Република Македонија и да го владеат литературниот јазик и кирилското писмо и да не се осудувани за кривични дела кои ги прават недостојни за вршење на воспитно-образовната дејност.

Училиштето е должно да организира комисиска проверка на наставникот за владеење на македонскиот јазик.

ДУРДМОВ

Член 66

Наставниците ги избира директорот на училиштето по предлог на училишниот одбор
Училишниот одбор при изготвувањето на предлогот задолЖително треба да ја земе одредбата од членот 10 став 3 од Законот за наставници и стручни соработници на основните и средните училишта.
Воспитувачот го избира директорот на училиштето, по пат ја јавен оглас и заснова работен однос на определено до крајот на учебната година.

Член 67

Наставникот, воспитувачот и стручниот соработник кој за прв пат се вработува во училиштето е приправник .

Член 68

Приправникот во училиштето полага стручен испит.

Стручниот испит се полага според утврдена програма пред стручна комисија образувана од Министерството , а под услови и начин утврдени со пропис на Министерот за образование и наука.

Член 69

Наставникот и стручниот соработник во училиштето е должен перманентно стручно да се усовршува, согласно прописот на Министерот за образование и наука.

Член 70

Наставниците и стручните соработници се усовршуваат, оспособуваат и напредуваат во звања.

Напредувањето го врши комисија составена од пет наставници, директорот ,стручниот соработник (дефектолог-тифлопедагог или психолог) еден родител,член на училишниот одбор кој е претставник од основачот, советник од Бирото за развој на образованието на Република Македонија и советник од Центарот за стручно образование и наука Резултатите од оценувањето овозможуваат стекнување на звање .

Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звање, има право на приговор до Училишниот одбор.

Начинот на напредувањето и стекнувањето на звање го пропишува Министерот за образование и наука, по предлог на Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат.

ДУРДИМОВ

Член 71

Работното време на наставниците, по правило започнува во 07,30 часот, а завршува по завршувањето на часовите согласно распоредот на часови, а на восптувачите од 13,00 часот, а завршува во 18 часот. Работното време на дежурниот воспитувач завршува во 22 часот.

Работното време на стручните работници, по правило трае од 07,30 до 15,30 часот .

Наставниците, воспитувачите и стручните соработници дневниот одмор го користат за време на одморот на учениците. Должината на годишниот одмор се утврдува согласно Законот за работни односи, Колективниот договор за средно образование.

Член 72

Наставниците и воспитувачите во училиштето ја организираат и изведуваат воспитно-образовната работа и се одговорни за остварување на целите и задачите , а особено за:

-насочување на воспитно-образовниот процес за остварување на целта и задачите на воспитанието и образованието ;

-постојано следење на напредувањето на учениците во учењето, работата и поведението и помагање во стекнување на позитивни навики ;

-совесно подготвување за воспитно-образовната работа и стручно, педагошки и методски изведување на наставата и другите форми на воспитно-образовната дејност со користење на современи наставни средства ;

-организирање на слободните ученички активности;

-соработување со родителите на учениците и други стручни организации и здруженија ;

- почитување на кодексот за однесување на наставниците.

Член 73

Целите и задачите на стручните соработници се остваруваат преку плановите и програмите од нивниот делокруг.

Член 74

Заради поуспешно остварување на воспитно-образовната дејност
училиштето користи соработка со родителите на учениците која се одвива преку
родителски средби и совет на родители.

Родителските средби можат да бидат ,индивидуални, класни и општи .

ДУРДМОВ

Класните родителски средби се одржуваат по потреба најмалку 4 пати во годината, а општите најмалку 2 пати во годината .

Општите родителски средби ги свикува директорот , а класните раководителот на паралелките .

По потреба можат да се одржуваат заеднички состаноци на стручните органи на училиштето со родители и ученици .

Член 75

Работниците во училиштето мораат да бидат лекарски прегледани до почетокот на учебната година.

На лице кое боледува од душевна болест, алкохолизам и наркоманија му престанува работниот однос во училиштето на начин утврден со закон.

## VI. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

Член 76

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор.
Училишниот одбор брои 12 члена и тоа: три претставника од основачот, тројца претставници од родители на учениците, четворица претставници од наставниците и воспитувачите, еден претставник од Министерството за образование и наука и еден претставник од Стопанската комора на Р. Македонија.

ДУРДМОВ

Член 77

Членовите на Училишниот одбор освен претставниците од родителите на учениците се именуваат за период од четири години со право на уште еден избор .

Претставниците од родителите на учениците се именуваат за периодот до завршувањето на средното образование на нивното дете (за родителите на учениците од основното училиште не подолго од три години) .

Училишниот одбор од редот на своите членови избира претседател.

Член 78

Претставниците на основачот ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија .

Претставниците на родителите на учениците ги избира и разрешува Советот на родителите.

Претставниците на наставниците ги избира и разрешува Настав-

ничкиот совет на училиштето .
Претставникот од деловната заедница односно Стопанската комора на Р. Северна Македонија учествува во работата на училишниот одбор, но нема право на учество при гласањето и донесувањето на одлуки.
Претставник од Министерството именува Министерството за образование и наука .

Член 79

Изборот на претставниците на наставниците за членови на Училишниот одбор се врши со јавно гласање.

За избрани членови на Училишниот одбор се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство гласови од вкупниот број на наставниците од Наставничкиот совет .

Член 80

Постапката за избор на членови на Училишниот одбор отпочнува три месеци пред истекот на мандатот на Училишниот одбор.

Член 81

Мандатот на членовите на Училишниот одбор почнува од неговото конституирање.

Конститутивната седница на Училишниот Одбор ја свикува и до изборот на претседател, претседава најстариот претставник .

Претседател, заменик претседател и комисии како помошни тела на Училишниот одбор се избираат по пат на предлог со јавно гласање и мнозинство на гласови.

Член 82

Седниците на Училишниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот а, во негово отсуство замeникот на Училишниот одбор.

Седниците на Училишниот одбор ги свикува претседателот по своја иницијатива,по барање на директорот и 1/3 од членовите на Училишниот одбор.

Член 83

Училишниот одбор може да одржи седница ако се присутни повеќе од половината од членовите, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Училишниот одбор.

ДУРДМОВ

Член 84

Училишниот одбор ги врши следните работи:

- донесува статут;
- предлага Годишна програма за работа и извештај за работа до Министерството;
-предлага годишен финасиски план до Министерството;
- предлага завршни сметки ;
- објавува јавен оглас за избор на директор ;
-врши интервју со кандидатите за директор;
-врши избор на директор од пријавените кандидати на објавен јавен оглас за именување на директор;
- избира постојани и повремени комисии ;
- разгледува реализација на Годишната програма за работа; - --одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици;
- донесува одлуки за набавка и користење на основни средства;
-поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на лицата од членот 70 став 1и 2 од Законот за средно образование.
-одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето;
- врши и други работи утврдени со закон , овој статут и други прописи.

Одлуките на Училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот .

Член 85

На секој состанок-седница на органите и телата во училиштето, задолжително се води записник.

Записникот ги содржи елементите кои се определуваат со деловникот за работа на соодветен орган, а особено : назив на органот кој ја одржува седницата, број на седницата, место, ден и време на одржување, записничар, број на присутни и отсутни, содржина на дискусиите по точките од дневниот ред,донесени одлуки и заклучоци, мнозинство со кое се донесени, време на завршување на состанокот и потпис на претседателот и записничарот.

Записникот се внесува во посебна записничка книга.

## VII. ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕТО

Член 86

Директорот е раководен орган на училиштето и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

ДУРДМОВ

Член 87

Директорот на училиштето се избира и разрешува од Училишниот одбор, по претходна согласност од Министерсттвото за образование и наука.

Мандатот на директорот трае четири години .

Член 88

За директор на училиштето може да биде избрано лице кое покрај општите услови утврдени со законот треба да ги исполнува и посебните услови :да има високо образование да ги исполнува условите за наставник во средното училиште, односно педагог или психолог, да има 5 години работно искуство во установи за воспитно-образовната работа верифицирана од Министерството за образование и наука, да има положено испит за директор и стекнато соодветна дефектолошко-психолошка и методска подготовка согласно со закон, во моментот на избирање да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, да има соодветен сертификат не постар од пет години за познавање на англискиот јазик ТОЕФЕЛ ИБТ (ТОЕФЕЛ ИБТ) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (ИЕЛТС) - најмалку 3 бода, БУЛАТС (БУЛАТС) - најмалку 20 бода или КЕТ (КЕТ)положен или АПТИС (АПТИС)-најмалку ниво Б2 (Б2).

По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.

Доколку избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот два на овој член, му престанува мандатот на директор.

Член 89

Училишниот одбор три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука да објави јавен оглас за избор на директор.

Член 90

Пристигнатите документи ги прегледува комисија составена од 3 члена, која ја избира Училишниот одбор од своите редови.

Комисијата од став 1 на овој член е должна во рок од 5 дена од денот на завршувањето на огласот на Училишниот одбор да му поднесе листа со образложение за кандидатите .

На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им се враќаат документите со образложение.

Училишниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно одредбите на овој статут.

ЛУРДИМОВ

Членовите на Училишниот одбор и претставник од Бирото за развој на образованието вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор.

Училишниот одбор во рок од 7 дена од извршениот разговор со кандидатите му предлага на министерот кандидат за избор на директор и врши избор на директор.

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на Училишниот одбор, имаат право на жалба по однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Против одлуката на Комисијата од ставот 7 на овој член кандидатот има право на тужба до надлежниот основен суд.

Член 91

Ако на објавениот оглас за директор не се пријават кандидати, или се пријават кандидати кои не ги исполнуваат условите или по спроведената постапка за именување на директор не биде именуван директор , се распишува нов оглас.

ДУРЛМОВ

Член 92

Директорот ги има следните права и должности:
- непосредно раководи со работењето на училиштето;
- ја организира воспитно- образовната работа;
- самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност утврдена со закон,други прописи и општи акти на училиштето;
- го претставува и застапува училиштето пред трети лица;
- се грижи за законитоста во работата на училиштето и за примената на законите, другите прописи,статутот и другите акти на училиштето;
- ја предлага годишната програма за работа и превзема мерки за нејзино спроведување ;
- ги извршува одлуките на училишниот одбор ;
- врши избор на наставници , воспитувачи и стручни соработници и друг административно-технички кадар;
-одлучува за распоредување на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар;
-поднесува извештај за успехот и за постигнатите резултати во воспитно-образовната работа до Бирото за развој на образованиието на Македонија;
-одлучува за престанок на работниот однос на наставниците воспитувачите , стручните соработници и другите работници;
-поднесува извештај за реализација на годишната програма до Министерството;
-склучува договори ,потпишува свидетелства,решенија,налози и други акти согласно законот;
- одобрува отсуства на вработени и ученици;

- одредува замена на ненадејно отсутни работници;
- ги подготвува,свикува и раководи со седниците на Наставничкиот совет и активно учествува во работата на другите стручни органи во училиштето;
- учествува во подготвување на материјалите во работата на Училишниот одбор;
- одлучува за користење на средствата на училиштето ;
- дава наредби за финансиско-материјално и административно работење на училиштето;
- се грижи и превзема мерки за условите за работа и непречено вршење на дејноста на училиштето;
- соработува со надлежни просветни,педагошки и други органи;
- врши инструктивно-педагошки надзор ;
- се грижи за редот и дисциплината во училиштето;
- назначува лица со посебни овластувања;
-поднесува извештај за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до Училишниот одбор и до Министерството.
- врши и други работи во согласност со Законот, статутот и другите акти .

ДУРДМОВ

Член 93

Министерот, имајќи го во предвид мислењето на училишниот одбор, а врз основа на извештајот на директорот, ја оценува нивната работа.

Член 94

Директорот на училиштето може да биде разрешен :

- на лично барање ;
- во случај на направена повреда при извршување на закони, други прописи и општи акти утврдена од страна на Државниот просветен инспекторат;
- ако по негова вина е нанесена штета на учениците, односно на нивните родители или старатели и на општествената заедница ;
-ако не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовна работа
- ако дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со плановите и програмите;
-ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето;
- други случаи предвидени со закон.

Член 95

Директорот кој не е повторно избран на јавен оглас или е разрешен не по своја вина пред истекот на мандатот за времето за кое е избран, се распоредува

на соодветно работно место во училиштето или училиштата на подрачјето на општината или на градот Скопје.

Член 96

Доколку постојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно одредбите од членот 94 на овој статут, училишниот одбор свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма која се доставува до директорот.

Директорот има право во рок од 7 дена од приемот да се изјасни за наводите во заклучокот.

Доколку Училишниот одбор не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на претставник на Државниот просветен инспекторат врши интервјуирање на директорот. Претставникот од Државниот просветен инспекторат дава мислење за оправданоста на разрешувањето на директорот.

Доколку Училишниот одбор оцени дека е неопходно доставува предлог за разрешување на директорот до Министертвото.

Разрешениот директор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на Училишниот одбор има право на жалба по однос на спроведувањето на постапката за разрешување на Државна комисја за одлучување во управна постапкаи постапка од работен однос во втор степен.

Против одлуката на Комисијата од ставот 5 на овој член разрешениот директор има право на тужба до надлежниот основен суд.

ДУРДМОВ

Член 97

Училишниот одбор во рок од три дена од денот на рзрешувањето на директорот именува вршител на должноста директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор, по претходна добиена согласност од Министерството за образование и наука.

Вршителот на должноста директор ги врши работите до именувањето на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

## VIII.СТРУЧНИ ОРГАНИ НА УЧИЛИШТЕТО

Член 98

Стручни органи во училиштето се:

- наставнички совет кој го сочинуваат наставниците, воспитувачите и стручните соработници во училиштето;

-класен совет го сочинуваат наставниците од паралелката кои изведуваат настава и стручните соработници за средното стручно образование;

- одделенски совет го сочинуваат сите наставници од паралелката каде се изведува наставата и стручните соработници за основното образование и нижото музичко училиште; и

- раководител на паралелката.

Член 99

Наставничкиот совет ги врши следните работи:

- дава мислење по предлогот на Годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување ;
- го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на другите стручни органи и тела
- го разгледува планот и програмата и превзема мерки за нивно извршување;
- им одобрува на учениците завршување две години во една учебна година;
- донесува решение за запишување на ученици;
- изрекува педагошки мерки на ученици пред отстранување и отстранување на ученици;
- одобрува отсуство на ученици од настава повеќе од 10 дена;
- донесува одлуки по приговор на ученици за утврдени оценки;
- го разгледува извештајот за извршен стручен надзор и предлага соодветни мерки;
- ги разгледува предлозите на родителите,учениците,стручните органи и тела,кои се однесуваат на подобрување на воспитно-образовниот процес и донесува соодветни мерки;
- пофалува и наградува ученици;
- ги одобрува ученичките екскурзии и стручни посети ;
- дава стручно мислење за снабдување со учебници и други нагледни средства;
- го организира и спроведува поправниот испит;
- врши и други работи утврдени со Статутот и Законот.

Член 100

Класниот советот ги врши следните работи:

- непосредно ја организира и спроведува воспитно-образовната работа во паралелката и се грижи за нејзино усовршување,
- ги утврдува полугодишните и годишните оценки на учениците,
- соработува со Одборот на паралелката преку класниот раководител за решавање на прашања за успехот и поведението на учениците во паралелката,
- пофалува и наградува ученици,
- изрекува педагошки мерки на ученици
- предлага на наставничкиот совет работи за кои треба да се донесе одлука
- врши и други работи.

Член 101

ДУРЛМОВ

Одделенскиот совет ги врши следните работи:
- ја усогласува работата на наставниците и воспитувачите во одделението;
- расправа и ја организира редовната настава;
- ги организира слободните ученички активности;
- ги утврдува оценките;
- презема соодветни мерки за поуспешна настава и подобрување на успехот и поведението на учениците.

## Член 102

Раководителот на паралелката ги врши следните работи:

- ја следи работата и дисциплината на учениците
- се грижи за редовно изведување на наставата во паралелката
- ги оправдува изостаноците на учениците
- одобрува отсуство на учениците од еден ден
- пофалува и наградува ученици
- ја води класната администрација, ги пишува ученичките книшки и свидетелствата
- се грижи за вон наставната активност на учениците од паралелката
- соработува со советот на родителите
- врши и други работа од својот делокруг.

## Член 103

Во Училиштето се избира Совет на родители кои го сочинуваат претставници на родителите на учениците.

## Член 104

Советот на родителите по пат на предлог и јавно гласање ,со мнозинство на гласови избира претседател и негов заменик.

Седниците на Советот на родителите ги свикува и со нив раководи претседателот.

Претседателот ги свикува седниците по своја иницијатива, по барање на директорот, по барање на 1/3 од члоновите на советот, по барање на Одборите на паралелките или Одборите на годините кои се негови помошни тела.

## Член 105

Советот на родителите ги врши следните работи:

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на училиштето и за Годишната програма за работа.
- расправа за извештајот за работа на училиштето.

-разгледува прашања од животот и работата на училиштето и дава мислење за подобрување на воспитно-образовната работа;
-го разгледува успехот и поведението на учениците и дава мислење за негово подобрување;
-ја следи редовноста на учениците и дава мислење за нејзино подобрување;
-соработува со Наставничкиот совет;
-преку свои претставници учествува во работата на Училишниот одбор;
- се грижи за обезбедување на материјални средства за осовременување на наставата, изведување на екскурзии со учениците, награди на учениците , посети и подобрување на условите за работа на училиштето;
-се грижи за обезбедување на средства за ученици-социјални случаи.

## IX. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 106

За работата на училиштето и органите на управување работниците се информираат преку истакнување на огласна табла.

Информирањето го врши директорот и Училишниот одбор, преку објавување на одлуки, решенија, извештаи и информации.

ДУРДМОВ

Член 107

Информирањето може да се врши и преку издавање на училишен весник, билтен, радио станица на училиштето и слично.

## X. ОДБРАНА

Член 108

Во воена состојба училиштето презема мерки за заштита и спасување на работниците, учениците, средствата за работа, културно историските вредности,научната документација и архивската граѓа, заради што во мир спроведува соодветни подготовки.

Со спроведување на подготовките и превземањето мерки за заштита и спасување,раководи директорот на училиштето.

Член 109

Заради заштита на тајните податоци и информации од областа на одбраната , училиштето спроведува мерки за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната.

XI. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 110

Заради заштита на интересите на училиштето,во училиштето се превземаат мерки за чување,ракување и користење и соопштување на податоци кои се сметаат како деловна тајна.

Член 111

Сите податоци и документи кои се пропишани како деловна тајна задолжително имаат ознака "доверливо" или "строго доверливо".

Обврската за чување на деловна тајна трае се додека директорот на училиштето или органот кој ги доставил податоците не даде согласност за ослободување од чување на деловната тајна.

Член 112

Податоците и документите кои претставуваат деловна тајна се заведуваат во посебен деловен протокол и како такви се архивираат.

Овие податоци и документи се чуваат во посебно определена просторија и нив ги чува и со нив ракува овластен работник со решение од директорот на училиштето.

Начинот на заверувањето, архивирањето и уништувањето на материјалите кои претставуваат деловна тајна се води согласно Законот за одбрана.

Одавањето на деловната тајна претставува тешка повреда на работната должност.

ДУРДМОВ

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 113

Општите акти на училиштето ќе се усогласат со овој Статут во рок од 6 месеци од денот на неговото влегувањето во сила .

### Член 114

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" Скопје бр.02-64/1 од 30.01.2013 год.

### Член 115

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла, а ќе се објави по добивањето согласност од Министерството за образование и наука на Република Македонија .

ДУРДМОВ

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

___________________________________

ДУРДОМОВ